**ОПШТИНА БУТЕЛ**
**БР. 09-850/5 од**
**11.09.2026 година**

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 73/24; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25 и 134/26), Градоначалникот на Општина Бутел го издава следново:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица дека Градоначалникот на Општина Бутел донесе Одлука за организирање на

**Јавна презентација и Јавна анкета за**
**Измена и дополнување на Детален урбанистички план за**
**Градска четврт С 16, блок 1, Општина Бутел, Општина Гази Баба – Скопје,**
**плански период 2025-2030 година, Нацрт план**

Нацрт планот за Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 16, блок 1, Општина Бутел, Општина Гази Баба – Скопје, плански период 2025-2030 година, се однесува за плански опфат за кој е донесен Генерален урбанистички план и урбанистички план за градска четврт. Истиот се изработува во две фази: Нацрт план и Предлог план.

Границата на плански опфат на север се совпаѓа со оска на собирна улица „Боца Иванова“; на исток со оска на градска магистрална улица „Христијан Тодоровски Карпош“, профил „А“ С.60 - С.63; на југ се совпаѓа со оска на железничка линија и на запад со оска на собирна улица „Александар Урдаревски“.

Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 8,30 ха.

Јавната презентација по „Нацрт планот за Измена и дополнување на Детален урбанистички план“ ќе се одржи во просториите на Општина Бутел, во салата за состаноци (Голема сала), на ден 01.10.2026 година, со почеток во 10:00 часот.

Јавната анкета ќе се одржи од 28.09.2026 до 28.10.2026 година (триесет дена), секој работен ден од 08:30 до 15:30 часот во просториите на Општина Бутел во сала за состаноци (Голема сала).

Изработениот „Нацрт план за Измена и дополнување на Детален урбанистички план“ со графичките прилози ќе биде изложен на јавно место во просториите на Општина Бутел во сала за состаноци (Голема сала).

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица може да доставaт забелешки на Анкетни листови во електронска форма преку информациониот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Анкетните листови за учество во Јавната анкета може да се подигнат во Општина Бутел на шалтерите.

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено на информацискиот систем е-урбанизам и веб страната на Општина Бутел.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дарко Костовски**